**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

УПП бр. 03-89

Скопје 04.04.2014г.

**До:** **г. Борис КОНДАРКО,**
**овластен претставник на подносител на листата поднесена од 38 пратеници на кандидатот Стево Пендаровски**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прилог емитуван на 27.03.2014 година, во вестите од 19:30 часот на МРТ1**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка број 03-369/1 од 31.03.2014 година, доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31.03.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-89, ве известуваме за следново:

Прилогот на кој посочувате во претставката емитуван во вестите на МРТ1 во 19:30 часот на 27 март, се всушност два новинарски извештаи од кои едниот се однесува на посетата на претседателскиот кандидат на ВМРО ДПМНЕ Ѓорге Иванов на Крушево, а другиот на посетата на претседателскиот кандидат на СДСМ Стево Пендаровски на Тиквешијата и Кавадарци. Во обата извештаи, за да ги пренесат акцентите од овие посети, новинарите користат повеќе граматички времиња (сегашно, минато определено свршено, идно прекажано и др.) и глаголски форми и конструкции (на пр. глаголска л-форма, има-конструкција, да-конструкција). Покрај директното обраќање - емитување оригинални снимки од обраќањата на двајцата кандидати пред присутните на местото на настанот - обајцата новинари и самите цитираат или прекажуваат делови од говорите. Нема значајна предоминантност во употребените времиња и форми (на пример, глаголската л-форма во прилогот за г.Иванов е употребена четири пати, а во прилогот за г.Пендаровски шест пати). При прекажувањето, без оглед кое време или форма се користи нема промена на тонот на известувањето која би сугерирала намера за омаловажување. Оттаму, нема основ овие прилози да се третираат по член 75 став 1 од Изборниот законик, по член 110 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Обврски на МРТ во однос на програмите и програмските сервиси кои ги емитува: да не застапува и да не заштитува ставови или интереси на одредена политичка партија, политички, религиски или други групи, а програмите кои ги создава и емитува да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

политичка моќ), ниту по член 111 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Стандарди и начела: да се придржуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта).

Што се однесува до должината на прилозите за секој од двајцата кандидати, таа е резултат на членот 76-а став 2 и став 3 во кои се пропишува правило со кое дневно – информативните емисии на МРТ стануваат исклучок од принципите за постигнување баланс од член 75-а. Во став 2 од член 76-а се воведува принцип на распределување на времето во вестите на МРТ на третини: една третина за дневни настани од земјата и светот, една третина за активностите од кампањата на партиите од власта и една третина за активностите на политичките партии од опозицијата. Притоа, во став 3 се определува дека во третините наменети за кампањите на партиите од власта и опозицијата, времето треба да биде распоредено според резултатите од последните парламентарни избори. Согласно резултатите од Парламентарните избори 2011 година, право на време во третината за активностите од кампањата на партиите од власта имаат: Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата ДУИ/ДЛБ, а во третината за активностите на политичките партии од опозицијата: Коалицијата на СДСМ, ДПА и НДП. Имајќи предвид дека НДП нема претседателски кандидат, времето за опозицијата се дели меѓу г. Стево Пендаровски и г. Илјаз Халими при што времето за кандидатот на СДСМ е процентуално поголемо (84%) соодветно на поголемиот број пратеници. Имајќи предвид дека, од една страна ДУИ нема кандидат, а од друга страна треба да се исполни обврската за поделба на времето на третини, времето од третината за активностите од кампањата на политичките партии на власт останува за г. Ѓорѓе Иванов. Со започнувањето на кампањата за Предвремените парламентарни избори, распределбата на времето ќе се смени.

Во однос на должината на изданијата на дневно – информативните емисии – нивното времетраење е самостојна уредувачка одлука на секој радиодифузер, со тоа што ваквото право на Јавниот радиодифузен сервис во период на изборна кампања е условено од обврската од член 76-а став 2. Како што извести и самата МРТ во Дневникот од 19:30 часот емитуван на 25 март 2014 година, должината на дневниците е ограничена од изборните правила кои бараат времето да се подели во третини.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

Република Македонија Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Скопје

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до МРТ